Македонско еколошко друштво
Бул. Борис Трајковски, улица 7, број 9А
1000 Скопје, Македонија
тел: 02 2402 773
моб: 078 371 175
contact@mes.org.mk
www.mes.org.mk

17.01.2023

**До:** Факултет за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“

**Барање за споделување на информација за настан поврзан со стипендии ДБУ за истражувачки престој во Германија**

Почитувани,

Македонско еколошко друштво во изминатите десетина години активно соработува со Германската фондација за животна средина (Deutsche Bundesstiftung Umwelt) којашто минатата година прослави 25 години од постоењето на програмата за стажирање во Германија наменета за студенти од земјите од Југоисточна Европа. Студентите својот истражувачки престој може да го поминат во организации, фирми, институти, универзитети во Германија 6 до 12 месеци.

Програмата за стипендии поддржува најширок опсег на професии, под услов предлог-проектот да биде од областа на заштитата на животната средина, екологијата, одржливиот развој, климатските промени или обновливите извори на енергија. Во последно време оваа програма поддржува и проекти за дигитализација кои имаат некаква допирна точка со екологија или животна средина.

На 23.01.2023 година на платформата ЗУМ од 17ч. ДБУ и МЕД организираат онлајн информативна сесија за условите за стажирање во Германија.

Онлајн сесијата ќе биде проследена и со кратко објаснување од координаторот на ДБУ стипендиите за Македонија, г-ѓа Фросина Пандурска-Драмиќанин во просториите на https://netaville.mk/#events како и студентка која годинава ќе започне истражувачки престој во Германија.

Повеќе информации за стипендиите има на следниот линк:
https://www.dbu.de/2600.html

Се надевам дека оваа информација ќе ја проследите до студентите магистранти кои може да аплицираат на програмата како и до тековните докторанти што треба да имаат истражувачки престој во странство.

Со почит,

Фросина Пандурска-Драмиќанин
Македонско еколошко друштво